**Прилог 1**

Врз основа на член на Законот за стручно образование и обука, Законот за средно образование, Правилникот за содржината и формата за практична обука и Календарот за организација на работата на средните училишта за календарската година се донесува

**Договор за практична обука**

помеѓу фирмата/занаетчискиот дуќан ______________________ (во понатамошниот текст Работодавач), средното стручно училиште ______________________ (во понатамошниот текст Установа) и родителот/старателот ______________________ на ученикот ______________________ во ________ година, за струката ______________ односно профилот ______________.

**Член 1**

Со овој договор се регулираат правата и обврските на работодавачот, установата и ученикот за учебната ________ година.

**Член 2**

Практичната обука се реализира врз основа на наставниот план и програмите.

**Член 3**

Обуката согласно наставниот план и програмите за практична обука ќе се реализира во ______________________.

**Член 4**

Работното време на ученикот може да биде најмногу до 8 работни часа дневно, односно до 40 часа неделно, а во согласност со наставниот план и програмите за соодветната струка и профил.

**Член 5**

Работодавачот е должен да му обезбеди услови за работа на ученикот согласно Законот за заштита при работа. Работодавачот е должен да обезбеди надоместок за ученичката работа од____________ месечно.

**Член 6**

Ученикот е должен да ги почитува позитивните прописи на работодавачот, како и да ги применува законските одредби од Законот за заштита при работа.